# ПРИЛОГ

# МОДЕЛ НА ДОГОВОР

Врз основа на член 11 од Правилата за балансирање на системот за пренос на природен гас („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.285/22 и 20/23), се формира балансна група и се склучува следниов договор:

**ДОГОВОР ЗА ФОРМИРАЊЕ БАЛАНСНА ГРУПА**

Помеѓу,

**НОМАГАС АД Скопје-СКОПЈЕ** ул. Булевар Свети Климент Охридски бр.54 Скопје, носител на Лиценца за вршење на енергетска дејност, систем оператор за пренос на природен гас, застапуван од Бајрам Реџепи, извршен директор на НОМАГАС АД Скопје

жиро сметка 300000004930352 ЕМБС: 7649401,

ЕДБ : МК4080022611460

и

**Друштво за** ___________________________ со седиште на ___________________________, претставувано од ___________________________,

ЕМБС: ______________________________ ЕДБ: _____________________________

Банка / жиро сметка: __________________________ / ________________________

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

(1) Со Договорот за формирање балансни групи (во понатамошниот текст Договор) се уредуваат, меѓусебните права и обврски помеѓу НОМАГАС АД Скопје и Учесникот на пазарот на природен гас кој е Балансно одговорна страна (во понатамошниот текст БОС), а се однесуваат на: евидентирање на балансни групи, начинот на управување со балансна група и правата и обврските на БОС и членовите на балансната група на пазарот на природен гас, доставување на трговски номинации од страна на БОС до НОМАГАС АД Скопје , пресметка на дебалансот, прекин на Договорот, како и други прашања во согласност со Законот за енергетика, Правилата за пазар на природен гас, Правилата за балансирање и одредбите на овој Договор.

Член 2

(1) Предмет на овој Договор е:

1) Евидентирање и управување со балансни групи,
2) Начинот на управување со балансна група и правата и обврските на БОС и членовите на балансната група,
3) Доставување на трговски трансакции од страна на БОС до НОМАГАС АД Скопје ,

4) Пресметка на отстапувањето,
5) Прекин на Договорот.

(2) Дефинициите за одделни изрази, содржани во Законот за енергетика, Правилата за пазар на природен гас и Правилата за балансирање на системот за пренос на природен гас, се применуваат и во овој Договор.

## II. ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА БАЛАНСНИ ГРУПИ

Член 3

(1) Во согласност со Законот за енергетика, Правилата за пазар на природен гас и Правилата за балансирање на системот за пренос на природен гас, БОС слободно формира балансна група по сопствен избор врз основ на билатерални или мултилатерални договори.

(2) Учесникот на пазарот кој презема балансна одговорност за групата мора да поседува Договор за балансна одговорност со операторот на системот за пренос на природен гас.

(3) НОМАГАС АД Скопје го одредува датумот на почеток на преземената балансната одговорност за секој член во балансната група и истиот не може да биде подоцна од 35 дена од барањето за формирање на балансна група.

Член 4

(1) НОМАГАС АД Скопје е должен да ја евидентира БОС и члeновите на балансната група во Регистарот на членови на балансни групи, по влегувањето во сила на Договорот.

(2) НОМАГАС АД Скопје го води и ажурира Регистарот на членови на балансни групи, кој што е должен да го објави на својата веб страна.

(3) Регистарот о ги содржи следните податоци:
1) Назив на БОС и членови на балансната група,
2) Датум на упис на БОС во Регистарот,
3) Период на учество во балансната група на секој член,соодветно,
4) Тип на учесник.

## III. НАЧИН НА УПРАВУВАЊЕ СО БАЛАНСНА ГРУПА И ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ НА БОС И ЧЛЕНОВИТЕ НА БАЛАНСНАТА ГРУПА

Член 5

(1) Учесниците на пазарот се здружуваат во балансни групи по сопствен избор.

(2) Балансна група може да се состои и од само еден учесник на пазарот доколку поседува Договор за балансна одговорност.

(3) Еден учесник на пазарот може да припаѓа само на една балансна група.

(4) БОС е должна да преземе балансна одговорност за секој трговски интервал.

(5) БОС ја застапува балансната групата пред НОМАГАС АД Скопје и ја презема балансната одговорност во име на групата.

(6) Учесник на пазарот кој е единствен член на балансната група ги има истите права и обврски како и БОС.

Член 6

(1) БОС е должен детално да ги запознае членовите на балансната група, за која презема балансна одговорност, за содржината на овој Договор.

Член 7

(1) Член на балансна група може да отпочне постапка за промена на балансна група со поднесување на барање за промена на балансна група доставено до НОМАГАС АД Скопје , соглано Правилата за балансирање на системот за пренос на природен гас.

(2) Промените на членовите меѓу балансните групи се извршува првиот ден од следниот календарски месец или првиот ден во месецот кој е наведен во барањето.

Член 8

(1) БОС може да достави барање до НОМАГАС АД Скопје за исклучување на член од балансната група ако истиот не ги почитува меѓусебно потпишаните договори.

(2) Во барањето за исклучување на член на балансна група, БОС може да предложи датум на исклучување на член на балансната група, кој не може да биде покус од 15 дена, од денот на доставување на барањето.
(3) НОМАГАС АД Скопје го известува учесникот на пазар за барањето на БОС и му определува рок од три работни денови од денот на известувањето да отпочне постапка за уредување на својата балансна одговорност.
(4) Учесникот на пазар на природен гас во рокот определен од став (3) од овој член на овој Договор до НОМАГАС АД Скопје Доставува:
    1) Копија од барање за склучување на договор за балансна одговорност доставена од БОС, или
    2) Известување од друг БОС дека ќе ја преземе неговата балансна одговорност.
(5) Доколку учесникот на пазар во рокот утврден во став (3) од овој член договорот не ги достави документите од став (4) од овој член, НОМАГАС носи одлука за суспензија согласно Правилата за пазар на природен гас .
(6) Во случајот од став (4) точка 1) од овој член, НОМАГАС АД Скопје одредува датум за престанок на членството во балансната група кој не може да биде порано од десет дена од добивање на копијата од барањето за склучување на договор за балансна одговорност.
(7) Во случајот од став (4) точка 2) од овој член, НОМАГАС АД Скопје одредува датум за престанок на членството во балансната група кој не може да биде порано од седум дена од добивање на изјавата од друг БОС дека ќе ја преземе неговата балансна одговорност.
(8) Во рок од пет дена од денот на доставување на барањето од став (1) од овој член, БОС има право да го повлече барањето, ако достави заедничка изјава потпишана од БОС и од членот на балансна група од став (1) на овој член.

## IV. ДОСТАВА НА ТРГОВСКИ НОМИНАЦИИ

Член 9

(1) БОС во денот однапред кој претходи на денот на испораката (Д-1), најдоцна до 14:00 часот ја доставува до НОМАГАС АД Скопје првата верзија на сите трговски номинации и останатите потребни податоци за себе и сите членови на неговата балансна група за денот на испораката на начин и формат кој од него го бара НОМАГАС АД Скопје .

Член 10

(1) Во трговските номинаци на БОС се прикажуваат номинациите дефинирани со билатералните договори на сите членки на балансната група, и тоа:
    - Природниот гас што се предава во точките на прием (продажбата на природниот гас) и гасот што се презема во точките на испорака (купувањето на природниот гас), при што збирот на трансакциите на прием, односно продажба на природен гас треба да биде еднаков на збирот на трансакциите за испорака, односно купување на природен гас.
(2) Трговските трансакции се изготвуваат за секој трговски интервал и се изразуваат во kWh со целобројни вредности,
(3) НОМАГАС АД Скопје ќе побара ревизија на трговските трансакции поради очигледни грешки или поради недоволно јасни податоци.
(4) БОС е целосно одговорна за грешките во своите трговски трансакции и во случаите кога НОМАГАС АД Скопје не побарал ревизија на трговските трансакции.
(5) Трговските трансакции на БОС мора да се во согласност со соодветните потпишани билатерални договори.
(6) Трговските трансакции може да се променат согласно одредбите на Правилата за балансирање и овој Договор.

## V. ПРЕСМЕТКА НА ОТСТАПУВАЊА - ДЕБАЛАНСИ

Член 11

(1) НОМАГАС АД Скопје изготвува пресметка на дебалансите на балансно одговорните страни и предлог пресметка за трошокот за дебаланси, согласно мерењето на количините природен гас, активираните количини на услугите за балансирање за секој давател на услуга за балансирање, цената на порамнување и конечниот дневен распоред.
(2) Пресметката на отстапувањето се врши во согласност со Правилата за балансирање на системот за пренос на природен гас.

(3) Доставените количини на пресметковните податоци се обезбедуваат во целобројни вредности во kWh.

Член 12

(1) НОМАГАС АД Скопје е одговорен за точноста на пресметаните отстапувања на секоја БОС од измерените и номинираните количини.

## VI. ПРЕКИН НА ДОГОВОРОТ

Член 13

(1) НОМАГАС АД Скопје донесува Одлука за престанок на овој Договор во случај на:
   1) Престанок на Договорот за учество на пазар на природен гас и/или
   2) Престанок на Договорот за БОС, склучен со НОМАГАС АД Скопје .
(2) Сите преземени, а неизвршени обврски по овој Договор, БОС е должен да ги изврши и по престанување на статусот на БОС и важноста на овој Договор.
(3) Во случај кога овој Договор престанува да важи, БОС ги известува членовите на балансната група како и НОМАГАС АД Скопје , 20 денови пред престанокот на важноста на договорот за балансна група.
(4) Во случај почнување на постапка за раскинување на овој Договор по било која основа, НОМАГАС АД Скопје е должен да достави информација до РКЕ и информацијата да ја објави на својата веб страна.

## VII. НАЧИН НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

Член 14

(1) Договорните страни согласно Правилата за пазар на природен гас се должни меѓусебно да се известуваат за сите промени кои се важни за извршување на овој Договор по пошта или преку електронска пошта.
(2) БОС е должна во писмена форма да извести за било какви промени кои би можеле да влијаат на важењето на овој договор. Сите финансиски и други последици во случај кога БОС не извршил навремено известување се на товар на БОС.

## VIII. ДОВЕРЛИВОСТ НА ПОДАТОЦИ

Член 15

Договорните страни сите податоци кои ги разменуваат ќе ги користат исклучиво за извршување на овој Договор со почитување на начелата на доверливост, а согласно Законот за енергетика и соодветните подзаконски акти.

## IX. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИТЕ

Член 16

(1) Споровите во врска со примената на одредбите на овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено.
(2) Доколку спорот не се разреши спогодбено, незадоволната договорна страна може да поднесе барање за разрешување на спор пред Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија согласно Законот за енергетика и Правилникот за начинот, условите и постапката за одлучување по споровите и висината на оправданите надоместоци за трошоците настанати во постапката.
(3) Договорната страна која не е задоволна од исходот од постапката од став (2) од овој член, може да поведе постапка пред надлежен суд.

## X. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 17

(1) Овој Договор стапува во сила на ден ______________ година и е со важност до ______________ година, согласно важноста на лиценцата за Оператор на пазар на природен гас.
(2) БОС, за периодот од потпишувањето до престанување на важноста на овој Договор под полна материјална и морална одговорност е одговорен за веродостојноста на сите податоци и документи кои ги доставува до НОМАГАС АД Скопје .

(3) Сите обрасци за регистрирање и измени на балансна група, ќе се третираат како составен дел од овој договор и воедно ќе претставуваат основа за водење и ажурирање на балансната група за која БОС презема балансна одговорност со овој Договор, како и основа за водење и ажурирање на Списокот на балансни групи.

(4) За се она што не е опфатено и регулирано со овој Договор ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за енергетика и соодветните подзаконски акти.

(5) Доколку одредени одредбите од овој Договор не се во согласност со одредбите од Законот за енергетика и соодветните подзаконски акти, само тие одредби од Договорот ќе се сметаат за ништовни и наместо истите ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за енергетика и соодветните подзаконски акти.

(6) Ништовноста на одредени одредби од Договорот (согласно став (5) од овој член) нема да значи ништовност на самиот Договор.

Договорните страни се согласни дека овој Договор целосно ги претставува нивните обврски, и истиот е потпишан од страна на нивните овластени претставници, во 4 (четири) оригинални примероци - по два за секоја Договорна страна.

| | |
|---|---|
| **НОМАГАС АД Скопје** | **Балансно одговорна страна -БОС** |
| **Извршен директор:** | **Управител/Директор:** |
| ______________________________ | ______________________________ |